**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
Су-04 број 22/23-2
22.02.2023 година
Неготино

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова врз основа на член став 23 став 4 и член 25 од Законот за работните односи („Сл.весник на РМ" број 62/05...110/19), в.в. член 18 став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник" број 43/14...288/21), по спроведената постапка по Јавниот оглас број 1/23 година за вработување на судски службеници на определено време до 31.12.2023 година, на ден 22.02.2023 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

I

На Јавниот оглас број 1/23 од ден 15.02.2023 година **под точка 1** за вработување на **определено време** за работно место **„судски соработник - категорија В ниво 3" СЕ ИЗБИРААТ кандидатите**:

**1. АЛЕКСАНДАР КОРДОВСКИ**
**2. ГОРДАНА ПЕТРОВСКА**

II

На Јавниот оглас број 1/23 од ден 15.02.2023 година **под точка 2** за вработување на **определено време** за работно место **„помлад судски соработник - категорија В ниво 4" СЕ ИЗБИРА кандидатот**:

**ЈУЛИЈАНА РИЗОВА КОСТУРСКА**

Со избраните кандидати да се склучат Договори за вработување на определено време веднаш по приемот на ова одлука.

## Образложение

Основниот суд Неготино објави Јавен оглас број 1/23 година во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" од 15.02.2023 година за вработување на

определено време до 31.12.2023 година под точка 1 на 2 (двајца) извршители за работно место „судски соработник - категорија В ниво 3“ и под точка 2 на 1 (еден) извршител за работно место „помлад судски соработник - категорија В ниво 4“.

Согласно член 18 став 6 од Законот за судска служба, вработувањето на судските службеници на определено време е согласно Законот за работните односи.

По завршување на огласот, Претседателот на судот на ден 22/02/2023 година по отварање на поднесените пријави на записник, констатира дека има само две уредни пријави за работното место под точка 1 од јавниот оглас и тоа од кандидатите Гордана Петровска со шифра ОС Неготино 01/2023-2 и Александар Кордовски со шифра ОС Неготино 01/2022-5 и истите се избрани.

За работното место под точка 2 од јавниот оглас се констатира дека има само две уредни пријави и тоа од кандидатите Јулијана Ризова Костурска со шифра ОС Неготино 01/2023-3 и Моника Здравкова со шифра ОС Неготино 01/2023-4. Избран е кандидатот Јулијана Ризова Костурска.

Со избраните кандидати веднаш да се склучи Договор за вработување на определено време, согласно одредбите од член 13 став 7, член 14 став 2 и член 15 од ЗРО, в.в член 18 став 6 од Законот за судска служба.

По потпишување на договорот за вработување, во рок од 5 дена да се достави известување до неуредните кандидати и на истите да им бидат вратени поднесените документи кон пријавата, во смисла на член 27 од ЗРО.

Основен суд Неготино, на ден 22/02/2023 година.

**Претседател на**
**Основен суд Неготино**
Билјана Толова

Основен суд Неготино · Република Северна Македонија